# СЛУЖБ[...]

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕР[...]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Среда, 27 ноемвр[...]

БЕЛГРАД

БРОЈ 49 ГОД. XXIV

[...]ција: Улица Јована [...] Пошт фах 226 — Телефони: централа 50-931 50-932, 50-933 и 50-934; Служба за претплата 51-732 Продажна служба 51-671


**545.**

Врз основа на членот 40 став 1 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/65 и 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ОСНОВАЊЕ ПОСТОЈАНА ДЕЖУРНА СЛУЖБА НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. За потребите на навремено известување за значајните настани во Југославија и во странство, пренесување на пораки, доставување на итна пошта и други материјали до определени функционери во федерацијата и републиките и до определени сојузни и републички органи и организации (во натамошниот текст: функционери и организации), како и за извршување на други работи во врска со тоа, се основа Постојана дежурна служба на Сојузниот извршен совет (во натамошниот текст: Службата).

2. Работите од овој делокруг Службата ги врши непрекинато и вон работното време, како и во дните на неделен одмор и државни празници.

3. На Службата ѝ доставуваат известувања дежурните служби на Државниот секретаријат за надворешни работи, Државниот секретаријат за народна одбрана, Сојузниот секретаријат за внатрешни работи и другите сојузни органи и организации.

Ако Службата на некој друг начин дојде до узнавање за позначајни настани, ќе ги провери податоците за тие настани кај дежурните служби од ставот 1 на оваа точка и ќе ги извести за тие настани функционерите и организациите.

4. Секретарот на Сојузниот извршен совет пропишува упатство за работата на Службата, а особено за пренесувањето на пораките и доставувањето на итна пошта и други материјали и ги определува функционерите и организациите што е Службата должна да ги известува.

5. Работниците на Службата ги остваруваат своите самоуправни права во рамките на работната заедница на Стручните и други служби на Сојузниот извршен совет.

6. Со Службата непосредно раководи и за нејзината работа одговара шефот на Службата, кого го назначува и го разрешува од должноста секретарот на Сојузниот извршен совет.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 144
13 ноември 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

**546.**

Врз основа на чл. 20 и 22 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ИЗНОС НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА НА ПРОИЗВОДСТВЕНИТЕ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ГРАНКАТА 214 — СТОЧАРСТВО ЗА 1968 ГОДИНА

1. На производствените работни организации од гранката 214 — Сточарство, им се утврдува за 1968 година, покрај износот на глобалната девизна квота што им припаѓа врз основа на Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1968 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/67 и 52/67) и дополнителен износ на глобалната девизна квота во височина од 3,750.000 динари за увоз на суровини и други репродукциони материјали од подрачје на кое се остваруваат девизи од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 145
22 ноември 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

**547.**

Врз основа на точката 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68 и 40/68), во согласност со сојузниот секретар за стопанство и со сојузниот секретар за надворешна трговија, директорот на Сојузниот завод за цени издава

## НАРЕДБА
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/68, 20/68, 21/68, 22/68, 24/68, 25/68, 29/68, 31/68, 33/68, 35/68, 41/68, 45/68 и 48/68) во точката 1 во одредбата под 91 на крајот точката се заменува со

точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 92, која гласи:

„92) 052-02-11 Смокви, суви етивирани во износ од 1,70 динари за 1 килограм, без оглед на начинот на пакувањето." 08.03/2

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 17-284/1
21 ноември 1968 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за цени,
**Никола Филиповиќ**, с. р.

548.

Врз основа на членот 69 од Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), сојузниот секретар за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОГОВАРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА УВОЗОТ НА ПРОИЗВОДИ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА

1. Во Наредбата за определување на стопанските организации за договарање и извршување на работи на увозот на производи на црната металургија („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/68, 25/68, 26/68, 31/68 и 41/68) во точката 2 во одредбата под 47 точката се заменува со запирка и по тоа се додава една нова одредба, која гласи:

„48) Титови заводи „Литострој", Љубљана."

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 8019/1
14 ноември 1968 година
Белград

Заменик
сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Борис Шнудерл**, с. р.

549.

Врз основа на чл. 14, 14а и 44 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 47/66), членот 5 од Законот за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/66) и членот 102 од Законот за банките и кредитните работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 29/65, 4/66, 26/66, 1/67, 17/67, 54/67 и 26/68), во согласност со Сојузниот извршен совет, гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ОДНОСИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ СО НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ПО РАБОТИТЕ НА КРАТКОРОЧНО КРЕДИТИРАЊЕ

1. Во Одлуката за регулирање на односите на деловните банки со Народната банка на Југославија по работите на краткорочно кредитирање („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/68) во точката 4 став 1 на крајот на одредбата под 10 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 11, која гласи:

„11) врз основа на договорот за кредитите дадени за сезонски залихи на пченица до височина од 50% од состојбата на кредитите што банката им ги дала на комитентите и под услов роковите за враќање на тие кредити да не се подолги од 10 месеци, сметајќи од денот на почетокот на користењето на дадените кредити.".

2. Во точката 5 став 1 процентот: „20%" се заменува со процентот: „15".

Во ставот 5 на крајот на одредбата под 3 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 4, која гласи:

„4) за дел на кредитот што ќе го реесконтира во смисла на точката 4 став 1 под 11 од оваа одлука.".

3. Во точката 7 ставот 3 се менува и гласи:

„Во вкупното задолжување на банката кај Народната банка во смисла на ставот 1 од оваа точка, не се смета делот на реесконтниот односно документарниот кредит што банката го користи кај Народната банка во смисла на точката 4 став 1 под 9 и 11 од оваа одлука.".

Во ставот 4 зборовите: „ст. 1 и 2" се заменуваат со зборот: „одредбите".

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 112
22 ноември 1968 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Гувернер,
др **Никола Миљаниќ**, с. р.

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 70 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Љубо Бабиќ, советник на државниот секретар за надворешни работи, се назначува за помошник државен секретар за надворешни работи.

Б. бр. 81
13 ноември 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак**, с. р.

Врз основа на членот 70 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Владимир Боловиќ, советник на државниот се-

кретар за надворешни работи, се назначува за помошник државен секре... ...работи.

Б. бр. 82
13 ноември 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

Врз основа на членот 70 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/65), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК СОЈУЗЕН СЕКРЕТАР ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Атанас Икономовски, секретар на Секретаријатот за надворешна трговија на Стопанската комора на СР Македонија, се назначува за помошник сојузен секретар за надворешна трговија.

Б. бр. 83
13 ноември 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

Врз основа на членот 88 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ПАТЕНТИ

Др Стојан Претнар, редовен професор на Правниот факултет во Љубљана, се назначува за директор на Сојузниот завод за патенти.

Б. бр. 84
13 ноември 1968 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за особени успеси во раководењето со воените единици, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

### СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Адамовиќ Светозара Васо, артилериски полковник; Цетина Николе Бранко, пешадиски полковник; Гулевски Георгија Димитрие, артилериски полковник; Ивановиќ Шќепана Стеван, полковник на правната служба; Корајлиќ Хакије Кемал, полковник за врски; Меворах Шандора Рубен, пешадиски полковник; Мориќ Ивана Мирко, артилериски полковник; Радета Станка Милош, пешадиски полковник; Рајлиќ Милорада Радослав, инженериски полковник; Сарафиќ Исидора Јаков, санитетски полковник; Тепиќ Остоје Симо, инженериски полковник; Тојагиќ Мила Данило, артилериски полковник; Малиќ Ђуре Драган, пешадиски потполковник; Младеновиќ Благоја Душан, интендантски потполковник; Стипчиќ Павла Бранко, технички потполковник; Шијан Петар Божо, пешадиски потполковник.

### СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Босиљчиќ Стојана Миодраг, пешадиски потполковник; Цветковиќ Милиќа Гојко, пешадиски потполковник; Ђуриќ Милоша Милан, потполковник на оклопни единици; Гаќеша Миле Стево, пешадиски потполковник; Гвозденовиќ Алексе Вељко, потполковник на сообраќајна служба Икониќ Миливоја Будимир, потполковник на административна служба; Јагоревиќ Миле Милош, потполковник на АБХ одбрана; Јанковиќ Радоја Радован, потполковник на правна служба; Јовановиќ Светозара Милан, пешадиски потполковник; Кубобат Петра Јован, пешадиски потполковник; Кустудија Ђуре Митар, инженериски потполковник; Лончар Ђуре Васо, артилериски потполковник; Матијевиќ Ивана Цирил, потполковник на финансиска служба; Мирошевиќ Катице Идан, потполковник на финансиска служба; Недељковиќ Уроша Драгиша, потполковник на градежна служба; Ненадовиќ Драгутина Предраг, инженериски потполковник; Пецикозиќ Илије Чедомир, потполковник на градежна служба; Станковиќ Душана Михајло, потполковник за врска; Стевовиќ Пере Марко, пешадиски потполковник; Стојаковиќ Јована Никола, артилериски потполковник; Шуковиќ Томе Ранко, технички потполковник; Томиќ Станимира Ранко, пешадиски потполковник; Трешњиќ Јована Ђуро, пешадиски потполковник; Андоновски Тодора Игно, технички мајор; Анѓелиќ Николе Бранко, мајор на оклопни единици; Анѓелковиќ Миладина Анѓелко, технички мајор;

Арамбаша Мате Иво, мајор на сообраќајна служба; Арсенијевиќ Љубомира Мирослав, артилериски мајор; Бабиќ Александра Момчило, пешадиски мајор; Бајиќ Милана Димитрије, мајор за врски; Бобушиќ Илије Марко, технички мајор; Богдано-

